СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-1046/5
Скопје, 27.10.2021 година

Врз основа член 21, став 1 точка 15 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Сл.весник на РСМ бр. 118/2021) и член 25 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **11-та седница**, одржана на ден **27.10.2021** година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за усвојување на предлог-измени на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата

### Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија", бр. 115/17) во **член 5** зборот „пријава" се заменува со зборот „барање".

### Член 2

Прилог бр.2 се заменува со Прилог бр.2, кој е составен дел на Правилникот.

### Член 3

Одлуката влегува во сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од министерот за здравство и објава во „Службен весник на Република Северна Македонија".

### Образложение

Донесувањето на овој правилник е засновано на член 261 став (4) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21 и 122/21) и член 21 став (1) алинеја 14 и 15, а во врска со член 81 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/21).

Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата е донесен од Собранието на Комората на седницата одржана на 28.03.2017 година и е објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 115/17.

Со член 5 од Правилникот е пропишано дека во регистарот се запишуваат податоци на докторите на стоматологија по издавање, продолжување, обновување или одземање на лиценцата за работа врз основа на поднесена пријава за запишување во Регистарот, на образец што е даден во прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Со член 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, донесен од Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на ден 24.04.2021 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 118/21, е пропишано дека членство во Комората се остварува со поднесување на писмено барање за зачленување од докторот на стоматологија, писмено барање за издавање, обновување и продолжување на лиценца за работа од доктор на стоматологија кој ги исполнува условите утврдени со Законот за здравствената заштита и поднесување на барање за упис во Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа за доктор на стоматологија кој врши стоматолошка дејност.

Предложената измена е усогласување на член 5 и Прилогот бр.2 со членот 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П. ______________________